Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1 (едно) дрво (бреза) што се наоѓа во **Парк Жена борец – Скопје.**

2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.

3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид на локација **Парк Жена борец – Скопје** на ден **08.03.2023** година. При тоа е утврдено дека едно дрво има распукано и труло стебло, многу е навалено и постои опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета и констатирано е дека не постојат услови за пресадување.

Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото има распукано и труло стебло, дека е навалено и постои реална опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета . исто така констатирано е дека не постојат услови за пресадување.

Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**08.03.2023** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”, Архива

изготвил:
_______________
**Игор Трпковски**

контролирал:
_______________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-сл/2, од 08.03. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр. 14-сл/2 од 08.03. 2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност, овој орган, има направено удид во **Парк Жена борец – Скопје** на ден **08.03.2023** година. При тоа е утврдено дека едно дрво има распукано и труло стебло, многу е навалено и постои опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета и констатирано е дека не постојат услови за пресадување.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност од паѓање на дрвото и предизвикување на опасност, за што постои јавен интерес,за негово отстранување па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-сл/3**
**08.03.2023** година
Скопје
**Доставено до:Барателот, Архива**

Изготвил
**Игор Трпковски**

Контролирал

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

По овластување на Градоначалник
на Град Скопје
Раководител на Сектор
за комунални работи
**Зоран Лапевски**